Данил Хармс

# Паѓаат старици

Изданието е објавено со поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ИНСТИТУТ ПЕРЕВОДА

AD VERBUM

БИБЛИОТЕКА – ARS MAGNA

**Главен уредник**
Филип Димевски

**Наслов на оригиналот**
Даниил Хармс, *Избранное*

**Превод од руски јазик**
Ѓорѓи Крстевски

**Лектура**
Ирена Ралева

**Компјутерска обработка**
Бегемот

**Ликовно уредување**
Ѓорѓе Јовановиќ

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Данил Хармс

# Паѓаат старици

Скопје, 2024

# Содржина

Раскази ........................................................................ 7
Анегдоти ........................................................................ 129

# Раскази



## Сина тетратка бр. 10

Си беше еден црвенокос човек што немаше ни очи ни уши. Тој немаше ни коса, така што условно ќе го наречеме црвенокос.

Не можеше да зборува, бидејќи немаше ни уста. Немаше ниту нос.

Тој немаше дури ни раце и нозе. И стомак немаше, немаше ни грб, ни ’рбет имаше, дури немаше никакви внатрешни органи. Ништо немаше! Така што, не е јасно за кого станува збор.

Тогаш, подобро е воопшто да не зборуваме за него.

## Случаи

Еднаш Орлов се прејаде пире од грашок и умре. А Крилов, дознавајќи за тоа, исто така умре. А Спиридонов си умре сам од себе. А жената на Спиридонов падна од шкафот и исто така умре. А децата на Спиридонов се удавија во езерцето. А баба му на Спиридонов се пропи и тргна на пат. А Михајлов престана да се чешла и заболе од шуга. А Круглов наслика дама со камшик во рацете и се мрдна во умот. А Перехрестов телеграфски доби четиристотини рубли и почна да се прави толку важен што го избркаа од работа.

Добрите луѓе не умеат да застанат на здрави нозе.